- набавка на услуги од фиксна и мобилна телефонија и интернет
- набавка на услуги за аудио и видео линии
- интелектуални услуги (преводи на странска програма на македонски и албански јазик, изработка на елаборати и технички проекти)
- услуги од авторски агенции за склучување на договори за соработка
- услуги за обезбедување на објектите на МРТ
- услуги за одржување на хигиена во просториите
- услуги за осигурување на имотот на МРТ
- адвокатски услуги
- агенциски услуги за мерење рејтинг итн.

- **Сектор за информатички технологии**

Овој Сектор обезбедува софтверско и хардверско одржување и поддршка на информатичко комуникацискиот систем во МРТ со грижа за негова непречена работа. Во 2017 година ќе се преземат сите потребни мерки за обезбедување на редундантност на софтверската опрема, навремени надградувања и апдејт на системите како и редундантност на хардверската опрема, навремени надградувања и апдејт на системите, соодветни алатки за интервенции и слично.

- **Сектор за маркетинг и промоција**

Работењето на Секторот за маркетинг и промоција ќе се одвива според планираните активности од страна на програмските сервиси, а во врска со исполнување на планираната програмска шема на МРТ за 2017 година. Ќе се превземат потребните активности во врска со реализација на условите за соработка потпишани со склучените маркетинг договори со клиентите за емитување на рекламни спотови со економско пропагандна содржина во термини на емитување на програма која е атрактивна за гледачите, како преноси на значајни спортски настани и тоа: Лига на шампиони и Лига на Европа во фудбал, Лига на шампиони во ракомет, кошаркарски натпревари, атлетика, формула 1, потоа во термини на емитување на филмска, документарна, културна и образовна програма, фестивали и слично. Потоа давање насоки и следење на изработката на излезните фактури и реализацијата на финансискиот дел пропишан со склучените маркеринг договори со клиентите, проверка на медиа планот, водење на дневна евиденција на нарачките одобрени за емитување како и проверка на извештаите во координација со изработена пресметка од Секторот за финансиско работење.

- **Сектор за логистика**

Секторот за логистика го опфаќа инвестиционото и тековното одржување на градежните објекти во МРТ и истото во 2017 година ќе биде насочено кон обезбедување на континуирано и непречено одвивање на РА и ТВ програмата. Ова подразбира постојано, 24 часовно следење на работењето на системот за електрично напојување, негова периодична контрола, обезбедување на непрекнато електрично напојување на технолошкиот процес и остварување услови за непречено одвивање на работниот процес на вработените. Тука спаѓа и одржување на централната и локалната климатизација т.е. доведување на свеж

воздух во просториите на МРТ, одржување на лифтови, одржување на водоводната инсталација и санитарните јазли, и одржување на телефонската централа во МРТ. Во овој Сектор е вклучен и процесот за заштита на објектот од поплави, пожар и други несакани дејствија со превземање на превентивни мерки т.е. навремено сервисирање на противпожарните апарати, системите за дојава и автоматско гасење на пожари.

Во 2017 година, во рамките на Секторот за логистика ќе бидат организирани сите активности на одделението за возен парк, што подразбира брз и навремен превоз на екипи за следење на настани и снимање на прилози според планираните програмски шеми, како и одржување на постојниот возен парк и евентуална набавка на нови возила.

Целиот процес на одржување вклучува и спроведување на тендерски постапки за набавка на резервни делови за одржување на системите (систем за електрично напојување и технолошки процес) и возниот парк на МРТ, со што ќе се превземат сите потребни соодветни мерки за отстранување на евентуални дефекти во текот на редовното работење.

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН
# НА ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
# МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
# ЗА 2017 ГОДИНА

ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија врши функции на јавен радиодифузен сервис, односно, врши дејност од јавен интерес од областа на радиодифузијата во Република Македонија што опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси согласно член 107 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Програмата се емитува преку два ТВ програмски сервиси, два посебни ТВ сервиси кои емитуваат програма за нашите иселеници во странство, преку Собранискиот канал, како и преку три радио програмски сервиси со емитување на програма на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик и посебни радио програмски сервиси (за соседите и иселениците).

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработува годишен финансиски план за наредната година чија изработка се базира на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности како и на очекуваните и планирани активности во наредната година, притоа имајќи ги предвид условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини а со тоа и навремено сервисирање на создадените обврски.

## А. ПЛАН НА ПРИХОДИ

За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2017 година со финансискиот план на ЈРП Македонска Радиотелевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:

**Средства од радиодифузна такса**

Основен извор на финансирање на редовното работење на ЈРП МРТ согласно член 105 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл.весник 184/13, 13/14 и 132/14), е остварениот приход од радиодифузната такса.
За 2017 година приходот од РДТ е планиран во износ од 850.000.000 денари што е учество од 70,5 % во вкупно планираните приходи на МРТ.

**Финансиски средства од Буџет на Р.М .**

Овие средства се планирани во износ од 240.000.000 денари како финансиска поддршка на редовното работење на МРТ со учество од 19,9% во вкупно планираниот приход за 2017 година.

**Приходи од продажба на рекламен простор**

Очекуваните приходи од продажба на рекламен простор ( маркетинг) се планирани во висина од 40.000.000 денари и во вкупниот приход учествуваат со 3,3%.
Времетраењето на рекламирањето кај јавниот радиодифузен сервис е регулирано согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што значи, дозволената продажба на рекламен простор не може да надмине 8 минути од времето на емитување во текот на еден реален час.
Рекламниот простор што МРТ го има на располагање за продажба како и зголемената гледаност на програмите на МРТ поради подобрувањето на квалитетот на програмската шема, односно емитувањето на значајни и актуелни настани од областа

на спортот, како и емитување на филмска, документарна и друга ТВ програма, всушност се основните параметри врз основа на кои се планира приходот од маркетинг за 2017 година.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на изнајмување на деловен простор и опрема на надворешни лица и соработници е планиран во износ од 1.500.000 денари или 0,1% од вкупно планираните средства.

**Приходи од технички услуги во земјата**

Овие приходи се однесуваат на коментаторски позиции, ISDN линии и сл. планирани се во износ од 4.000.000 денари и истите учествуваат со 0,3% во вкупно планираните приходи.

**Приходи од технички услуги во странство**

Приходите кои МРТ ги фактурира за извршени технички услуги во странство се планирани во износ од 2.000.000 денари и во вкупно планираните приходи истите учествуваат со 0,2% .

**Останати деловни приходи**

Останати деловни приходи се приходи по основ на:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- наплатени отпишани побарувања
- останати приходи

Овие приходи во 2017 година се планираат во износ од 20.000.000 денари и нивното учество во вкупно планираните приходи изнесува 1,7%.

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходи планирани во износ од 6.000.000 денари а по основ на разрешување на судски спорови во корист на МРТ.

**Приходи од Министерство за култура**

За поттикнување на развојот на домашната забавна и народна музика а согласно Законот за поддршка на домашната музичка продукција, за 2017 година планирани се средства во износ од 32.000.000 денари, средства кои МРТ ги добива од Министерството за култура на РМ, и истите учествуваат со 2,7% во вкупните планирани приходи.

**Приходи од Министерство за информатичко општество**

Согласно член 92 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за производство и емитување на играна и документарна програма, во 2017 година од Министерството за информатичко општество МРТ планира приход од 10.000.000 денари што учество од 0,8% во вкупните планирани средства.

**Приходот** од радиодифузната такса заедно со планираните приходи по други основи, во вкупен износ од 1.205.500.000 денари во 2017 година, треба да ги покрие активностите на МРТ и тоа:

- Редовните активности во МРТ, создавање и емитување на радио и телевизискита програма која се емитува на два телевизиски програмски сервиси и три радиопрограмски сервиси на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик. Просечното дневно времетраење на програмата на Првиот, Вториот и Третиот радиски програмски сервис изнесува 24 часа, односно годишно 8.760 часа за секоја програма пооделно. Просечното дневно времетраење на Првата ТВ програма изнесува 24 часа или вкупно годишно 8.760 часа. На Втората ТВ програма се реализираат 18,9 часа дневно, односно 6.898 часа годишно.

За 2017 година во МРТ се предвидуваат повеќе програмски активности за збогатување на програмската шема но и за запазување на законските обврски и на јавниот карактер на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните со превземање воглавно на следните активности:

- Збогатување на филмската програма со нова играна програма и серии, производство на сопствена и набавка на странска документарна програма, продукција на драмска програма, реализација на музички емисии,
- Откуп на права за емитување на значајни спортски настани,
- Реализирање на планираните програмски содржини на посебните програми и сл.

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2017 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2017 ГОДИНА**

| **ПРИХОДИ** | **Планирани приходи за 2016г** | **Остварување 2016г. проценка** | **Планирани приходи за 2017г** | **Индекс 4/2*100** | **Индекс 4/3*100** | **структура 2017г** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Радиодифузна такса | 860.000.000 | 850.000.000 | 850.000.000 | 98,8 | 100,0 | 70,5 |
| Закупнини | 1.200.000 | 1.200.000 | 1.500.000 | 125,0 | 125,0 | 0,1 |
| Приходи од Влада на РМ согласно Член 105 став 4 од Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за финансиска поддршка на работењето на ЈРП МРТ | 240.000.000 | 240.000.000 | 240.000.000 | 100,0 | 100,0 | 19,9 |
| Технички услуги во земјата | 3.000.000 | 3.500.000 | 4.000.000 | 133,3 | 114,3 | 0,3 |
| Приходи од странство (технички услуги,отстапени права) | 1.500.000 | 1.500.000 | 2.000.000 | 133,3 | 133,3 | 0,2 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,приходи од минати год.), дополнително утврдени приходи од претходни години | 20.000.000 | 20.000.000 | 20.000.000 | 100,0 | 100,0 | 1,7 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 14.000.000 | 10.000.000 | 6.000.000 | 42,9 | 60,0 | 0,5 |
| Приходи од Министерство за култура согласно Законот за поддршка на македонската музичка продукција | 32.000.000 | 32.000.000 | 32.000.000 | 100,0 | 100,0 | 2,7 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 90.000.000 | 70.000.000 | 40.000.000 | 44,4 | 57,1 | 3,3 |
| Приходи од Министерство за информатичко општество Член 92 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | 30.000.000 | 10.000.000 | 10.000.000 | 33,3 | 100,0 | 0,8 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **1.291.700.000** | **1.238.200.000** | **1.205.500.000** | **93,3** | **97,4** | **100,0** |

## Б. ПЛАН НА РАСХОДИ

Вкупните планирани расходи на ЈРП МРТ за 2017 година за реализирање на редовните и инвестиционите активности околу создавање и емитување на програмата изнесуваат 1.205.500.000 денари.

Дадените износи на расходи низ поединечни ставки ги претставуваат реалните потреби на ЈРП МРТ, а воедно обезбедуваат трошење на финансиските средства рационално, економично и наменски во согласност со законите и законските прописи.

**Планот на расходи ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

***Трошоци на вработените*** за 2017 година се планирани на износ од 429.650.000 денари. Во оваа група на трошоци се опфатени бруто платите, надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои ги исполнуваат условите за одење во пензија, трошоците за здравствени услуги (редовни систематски прегледи на вработените) како и трошоците за теренски надоместок за дописници и сниматели кои известуваат од Вашингтон, Брисел, Белград и Атина.

***Патни трошоци и транспортни услуги***

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, услугите за такси превоз и слично, за што е планирана сума во вкупен износ од 10.750.000 денари. Најголемо учество во овие трошоци имаат патните трошоци и дневниците за службените патувања, бидејќи МРТ како јавен радиодифузен сервис, ги следи и пренесува до гледачите и слушателите сите значајни настани од јавен карактер во земјата и странство.

## Заеднички трошоци

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 332.150.000 денари и истата ги опфаќа следните видови трошоци:

***Трошоци за суровини и материјали***

Група во која се опфатени трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал за поправка и одржување на опремата и градежните објекти во МРТ, материјали за студиска реквизита, шминка, фризура и слично во вкупен износ од 5.800.000 денари, трошоци кои се неопходни за непречено одвивање на радио и ТВ програмата.

***Трошоци за останати материјали***

Група на трошоци во вкупен износ од 2.530.000 денари во која спаѓаат трошоците за канцелариски материјал, заштитна облека и обувки, материјал за возен парк и разни останати потрошни материјали.

***Трошоци за енергија***

Оваа група ги опфаќа трошоците за електрична енергија, топлотна енергија и гориво и е планирана на вкупен износ од 40.400.000 денари.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Оваа група на трошоци е планирана во износ од 1.000.000 денари.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Група на трошоци која во 2017 година е планирана во вкупен износ од 19.250.000 денари, а истата се однесува на телефонски трошоци-директни линии, мобилни телефони, интернет, поштарина и аудио и видео линии за пренос на програмата.

***Услуги за одржување и заштита***

Група на трошоци која е планирана во вкупен износ од 28.130.000 денари и која ги опфаќа следните видови на трошоци: агенциски услуги за обезбедување на имот, инвестиционо и тековно одржување на основни средства, инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти, одржување на возила, одржување на ситен инвентар и автогуми, други услуги за одржување и заштита, услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ, како и агенциски услуги за одржување на хигиена.

***Комунални услуги***

Во оваа група на трошоци која е планирана во вкупен износ од 4.900.000 денари спаѓаат трошоците за вода, ѓубретарина, дератизација, дезинфекција, дезинсекција и трошоците за гаражирање и паркирање на возила.

***Останати услуги од работењето***

Оваа група на трошоци за 2017 година е планирана во вкупен износ од 2.080.000 денари и истата опфаќа услуги за регистрација на возила, објава на огласи и конкурси, противпожарна заштита, шпедитерски услуги, заверка на пасоши, визи и слично.

***Трошоци за амортизација на основни средства***

Амортизацијата на основните средства за 2017 година е планирана во вкупен износ од 68.000.000 денари, што е годишен отпис односно исправка на вредноста на набавената опрема во рамките на инвестиционите активности и процесот на дигитализација на ТВ опремата т.е. премин од аналогна кон дигитална технологија.

***Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис***

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите и отпис на побарувањата од РДТ за 2017 година се планирани вкупно 80.000.000 денари;

***Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација***

За оваа категорија на трошоци со Финансискиот план за 2017 година се планирани вкупно 900.000 денари;

***Премии за осигурување***

Вкупните планирани средства за премии за осигурување на вкупниот движен и недвижен имот на МРТ во 2017 година изнесуваат 2.700.000 денари;

***Банкарски услуги и трошоци на платен промет***

Заради поефикасно работење, односно, со цел да им излезе во пресрет на физичките и правните лица и да им овозможи плаќање на пониски банкарски провизии при подмирување на обврската за РДТ, финансиските трансакции МРТ ги извршува преку жиро сметки во седум национални банки, а планираните средства за овој вид на трошоци во 2017 година изнесуваат вкупно 1.510.000 денари.

***Останати трошоци од работење***

Останатите трошоци од работење во кои спаѓаат трошоците за спроведување на ИСО стандардите и консултантски услуги, потоа услугите за контрола на квалитет, атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоци за стручна литература и списанија со Финансискиот план за 2017 година се планирани во вкупен износ од 850.000 денари;

***Трошоци за надомест и други примања на членови на Програмски совет и Надзорен одбор***

Во согласност со Законот за ААМУ каде што е утврдена висината на надоместоците за членовите на ограните на управување во МРТ, оваа група на трошоци за 2017 година е планирана во вкупен износ од 5.000.000 денари;

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

За даноци, судски трошоци и административни такси во 2017 година планирани се вкупно 4.500.000 денари;

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци планирани се вкупно 600.000 денари;

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години се планирани во висина од 25.000.000 денари и истите се однесуваат на дополнително утврдените трошоци по разни основи (расходи по фактури од минати години за извршени набавки и услуги во земјата и странство и слично).

***Камати од работење и затезни камати***

Каматите од редовното работење и затезните камати се планирани во висина од 35.000.000 денари.

***Негативни курсни разлики***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики кои произлегуваат од девизниот платен промет кој во голем обем е застапен во тековното работење на МРТ, пред се, за откуп на странска филмска и спортска програма, како и за реализација на набавки на дигитална и друга опрема, за 2017 година се планирани во вкупен износ од 4.000.000 денари;

***Програмски права***

Оваа категорија на трошоци е планирана во вкупен износ од 290.500.000 денари и истата се однесува на следните видови на трошоци: откуп на филмови и серии, останати програмски права, надомест за фестивал ЕВРОСОНГ, надомест за снимање фестивали, права за откуп на спортски настани, надомест за откуп на програми од независни продуценти и реализација на копродукциски проекти.

***Програмски трошоци***

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 117.450.000 денари и истата ги опфаќа следните видови трошоци:

***Наемнини***

Вкупните планирани трошоци за наемнини во 2017 година изнесуваат 6.500.000 денари и истите се однесуваат на наем на недвижности за дописници во странство и наем на опрема и недвижности во земјата;

***Останати трошоци од работење***

За оваа група на трошоци во 2017 година се планирани вкупно 90.200.000 денари и истите се однесуваат на следните видови трошоци:

- Адвокатски и нотарски услуги, ревизија на финансиски извештаи, услуги за вештачење,
- Носачи на аудио и видео материјали, услуги од агенции за користење податоци за истражување на програмата и мерење на рејтинг на гледаност,
- Технички услуги, интелектуални услуги,
- Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција како и договори со изведувачи по основ на Законот за поддршка на домашна музика,
- Трошоци за проект Евровизија, трошоци за награди од фестивали и други награди и слично.

***Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги***

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 19.250.000 денари и опфаќа годишни членарини за ЕБУ и ЦИРКОМ, котизации, трошоци за акредитации, мало авторско право ЗАМП и останати трошоци од работење.

***Материјали и услуги за дигитализација***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2017 година планирани се средства во вкупен износ од 1.500.000 денари.

***Инвестиции***

Делот за инвестиции опфаќа набавка на опрема и други инвестиции во текот на 2017 година и за оваа намена планирани се вкупно 25.000.000 денари.

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2017 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2017 ГОДИНА

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план 2016г | Остварување 2016 г. проценка | финансиски план 2017г | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство) | 430.000.000 | 418.000.000 | 420.000.000 | 98% | 100% |
| Отпремнина за одење во пензија | 2.000.000 | 1.600.000 | 1.000.000 | 50% | 63% |
| Други примања (теренски додаток) | 7.000.000 | 7.000.000 | 7.000.000 | 100% | 100% |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени) помош во случај на вработен или член на семејство | 300.000 | 300.000 | 350.000 | 117% | 117% |
| Трошоци за здравствени услуги | 100.000 | 80.000 | 1.000.000 | 1000% | 1250% |
| Трошоци за едукација | 300.000 | 250.000 | 300.000 | 100% | 120% |
| **Вкупно 1 - Трошоци за вработените** | **439.700.000** | **427.230.000** | **429.650.000** | 98% | 101% |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 2.500.000 | 2.500.000 | 2.500.000 | 100% | 100% |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 4.000.000 | 4.000.000 | 4.500.000 | 113% | 113% |
| Превоз за службени патувања во земјата | 100.000 | 85.000 | 100.000 | 100% | 118% |
| Превоз за службени патувања во странство | 2.400.000 | 2.000.000 | 2.000.000 | 83% | 100% |
| Сопствено возило за службени потреби | 300.000 | 260.000 | 300.000 | 100% | 115% |
| Услуги за патарина | 350.000 | 330.000 | 350.000 | 100% | 106% |
| **Вкупно 2** | **9.650.000** | **9.175.000** | **9.750.000** | **101%** | **106%** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Авто такси | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 | 100% | 100% |
| **Вкупно 3** | **1.000.000** | **1.000.000** | **1.000.000** | **100%** | **100%** |
| **Вкупно транспортни услуги** | **10.650.000** | **10.175.000** | **10.750.000** | **101%** | **106%** |
| ***Заеднички трошоци*** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.500.000 | 150% | 150% |
| Технички материјал | 1.500.000 | 1.500.000 | 2.000.000 | 133% | 133% |
| Материјал за кулиси и декор | 1.500.000 | 500.000 | 500.000 | 33% | 100% |
| Материјал за реквизита | 200.000 | 100.000 | 100.000 | 50% | 100% |
| Материјал за шминка и фризура | 200.000 | 100.000 | 100.000 | 50% | 100% |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање | 100.000 | 90.000 | 100.000 | 100% | 111% |
| Материјал за поправка и одржување | 1.500.000 | 1.500.000 | 1.500.000 | 100% | 100% |
| **Вкупно 4** | **6.000.000** | **4.790.000** | **5.800.000** | **97%** | **121%** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 2.000.000 | 2.000.000 | 2.000.000 | 100% | 100% |
| Материјал за возен парк | 20.000 | 18.000 | 20.000 | 100% | 111% |
| Други потрошни материјали | 10.000 | 7.000 | 10.000 | 100% | 143% |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 200.000 | 200.000 | 500.000 | 250% | 250% |
| **Вкупно 5** | **2.230.000** | **2.225.000** | **2.530.000** | **113%** | **114%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план 2016г | Остварување 2016 г. проценка | финансиски план 2017г | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 14.200.000 | 14.000.000 | 17.000.000 | 120% | 121% |
| Трошоци за топлотна енергија | 22.000.000 | 18.000.000 | 18.000.000 | 82% | 100% |
| Трошоци за гориво и мазиво | 5.000.000 | 5.000.000 | 5.000.000 | 100% | 100% |
| Останати трошоци за користење енергија | 400.000 | 350.000 | 400.000 | 100% | 114% |
| **Вкупно 6** | **41.600.000** | **37.350.000** | **40.400.000** | **97%** | **108%** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 1.500.000 | 1.000.000 | 1.000.000 | 67% | 100% |
| **Вкупно 7** | **1.500.000** | **1.000.000** | **1.000.000** | **67%** | **100%** |
| ***8)Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксни | 1.000.000 | 900.000 | 1.000.000 | 100% | 111% |
| Телефонски трошоци-мобилни | 2.300.000 | 2.300.000 | 2.800.000 | 122% | 122% |
| Трошоци за интернет | 600.000 | 550.000 | 600.000 | 100% | 109% |
| Поштарина | 350.000 | 300.000 | 350.000 | 100% | 117% |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 12.500.000 | 12.000.000 | 14.500.000 | 116% | 121% |
| **Вкупно 8** | **16.750.000** | **16.050.000** | **19.250.000** | **115%** | **120%** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на имот | 4.500.000 | 4.500.000 | 4.500.000 | 100% | 100% |
| Тековно одржување на основни средства | 2.000.000 | 2.000.000 | 4.000.000 | 200% | 200% |
| Тековно одржување на градежни објекти | 8.000.000 | 8.000.000 | 11.800.000 | 148% | 148% |
| Одржување на возила | 2.000.000 | 2.000.000 | 2.000.000 | 100% | 100% |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 100.000 | 100.000 | 100.000 | 100% | 100% |
| Други услуги за одржување | 30.000 | 25.000 | 30.000 | 100% | 120% |
| Услуги за изработка и одржување на ВЕБ сајт и телетекст | 1.200.000 | 1.200.000 | 1.200.000 | 100% | 100% |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 4.500.000 | 4.500.000 | 4.500.000 | 100% | 100% |
| **Вкупно 9** | **22.330.000** | **22.325.000** | **28.130.000** | **126%** | **126%** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 30.000 | 25.000 | 50.000 | 167% | 200% |
| Дератизација и дезинфекција | 180.000 | 180.000 | 350.000 | 194% | 194% |
| Трошоци за ѓубретарина | 1.000.000 | 950.000 | 1.000.000 | 100% | 105% |
| Трошоци за вода | 4.000.000 | 3.500.000 | 3.500.000 | 88% | 100% |
| **Вкупно 10** | **5.210.000** | **4.655.000** | **4.900.000** | **94%** | **105%** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и др. | 100.000 | 80.000 | 100.000 | 100% | 125% |
| Трошоци за огласи и конкурси | 1.000.000 | 700.000 | 800.000 | 80% | 114% |
| Трошоци за регистрација на возила | 400.000 | 400.000 | 400.000 | 100% | 100% |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 200.000 | 200.000 | 200.000 | 100% | 100% |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци,сервисирање на ПП апарати) | 500.000 | 500.000 | 500.000 | 100% | 100% |
| Останати услуги, занаетчиски и сл. | 40.000 | 40.000 | 50.000 | 125% | 125% |
| Трошоци за фотокопирање | 30.000 | 20.000 | 30.000 | 100% | 150% |
| **Вкупно 11** | **2.270.000** | **1.940.000** | **2.080.000** | **92%** | **107%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план 2016г | Остварување 2016 г. проценка | финансиски план 2017г | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 65.000.000 | 65.000.000 | 68.000.000 | 105% | 105% |
| **Вкупно 12** | **65.000.000** | **65.000.000** | **68.000.000** | **105%** | **105%** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување на средствата) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 100.000.000 | 85.000.000 | 80.000.000 | 80% | 94% |
| **Вкупно 13** | **100.000.000** | **85.000.000** | **80.000.000** | **80%** | **94%** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 100.000 | 80.000 | 100.000 | 100% | 125% |
| Промоција со готов производ од сопствена продукција | 50.000 | 20.000 | 0 | 0% | 0% |
| Трошоци за репрезентација | 800.000 | 750.000 | 800.000 | 100% | 107% |
| **Вкупно 14** | **950.000** | **850.000** | **900.000** | **95%** | **106%** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 2.700.000 | 2.700.000 | 2.700.000 | 100% | 100% |
| **Вкупно 15** | **2.700.000** | **2.700.000** | **2.700.000** | **100%** | **100%** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 10.000 | 8.500 | 10.000 | 100% | 118% |
| Банкарски услуги | 1.500.000 | 1.400.000 | 1.500.000 | 100% | 107% |
| **Вкупно 16** | **1.510.000** | **1.408.500** | **1.510.000** | **100%** | **107%** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 350.000 | 350.000 | 350.000 | 100% | 100% |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 250.000 | 250.000 | 250.000 | 100% | 100% |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 250.000 | 200.000 | 250.000 | 100% | 125% |
| **Вкупно 17** | **850.000** | **800.000** | **850.000** | **100%** | **106%** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и надзорен одбор, одбор на директори и управители*** | | | | | |
| Надомест за членови на НО и Совет | 5.000.000 | 5.000.000 | 5.000.000 | 100% | 100% |
| **Вкупно 18** | **5.000.000** | **5.000.000** | **5.000.000** | **100%** | **100%** |
| ***19)Даноци , судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 2.000.000 | 1.800.000 | 2.000.000 | 100% | 111% |
| Судски и административни такси | 2.000.000 | 1.800.000 | 2.000.000 | 100% | 111% |
| Останати трошоци од работење - услуги (Трошоци кон Сателитски провајдер за користење на uplink антена за 2017г и други трошоци) | 300.000 | 300.000 | 500.000 | 167% | 167% |
| **Вкупно 19** | **4.300.000** | **3.900.000** | **4.500.000** | **105%** | **115%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план 2016г | Остварување 2016 г. проценка | финансиски план 2017г | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 600.000 | 450.000 | 600.000 | 100% | 133% |
| **Вкупно 20** | **600.000** | **450.000** | **600.000** | **100%** | **133%** |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години (останати трошоци од работење) | 27.000.000 | 27.000.000 | 25.000.000 | 93% | 93% |
| **Вкупно 21** | **27.000.000** | **27.000.000** | **25.000.000** | **93%** | **93%** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 25.000.000 | 25.000.000 | 35.000.000 | 140% | 140% |
| **Вкупно 22** | **25.000.000** | **25.000.000** | **35.000.000** | **140%** | **140%** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 4.000.000 | 3.000.000 | 4.000.000 | 100% | 133% |
| **Вкупно 23** | **4.000.000** | **3.000.000** | **4.000.000** | **100%** | **133%** |
| **Вкупно заеднички потреби** | **334.800.000** | **310.443.500** | **332.150.000** | **99%** | **107%** |
| ***24)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 25.000.000 | 24.000.000 | 25.000.000 | 100% | 104% |
| Останати програмски права | 10.000.000 | 10.000.000 | 12.000.000 | 120% | 120% |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2.500.000 | 2.500.000 | 2.500.000 | 100% | 100% |
| Надомест за снимање фестивали | 1.000.000 | 800.000 | 1.000.000 | 100% | 125% |
| Права за спортски настани | 130.000.000 | 120.000.000 | 100.000.000 | 77% | 83% |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 25.000.000 | 23.000.000 | 25.000.000 | 100% | 109% |
| Копродукциски проекти | 148.000.000 | 145.000.000 | 125.000.000 | 84% | 86% |
| **Вкупно 24 - Програмски права** | **341.500.000** | **325.300.000** | **290.500.000** | **85%** | **89%** |
| **Програмски трошоци** | | | | | |
| ***25)Наемнини*** | | | | | |
| Наем на недвижности за дописници во странство | 6.000.000 | 6.000.000 | 6.000.000 | 100% | 100% |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 1.000.000 | 400.000 | 500.000 | 50% | 125% |
| **Вкупно 25** | **7.000.000** | **6.400.000** | **6.500.000** | **93%** | **102%** |
| ***26)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 1.000.000 | 700.000 | 800.000 | 80% | 114% |
| Ревизија на финансиски извештаи | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 | 100% | 100% |
| Услуги за вештачење | 200.000 | 150.000 | 200.000 | 100% | 133% |
| Носачи на аудио и видео материјал - промотивни материјали | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 | 100% | 100% |
| Услуги за рејтинг агенции-надомест за користење податоци за истражување | 2.500.000 | 2.500.000 | 2.500.000 | 100% | 100% |
| Технички услуги | 8.000.000 | 7.000.000 | 7.000.000 | 88% | 100% |
| Трошоци за опремување сцена | 2.000.000 | 2.000.000 | 2.000.000 | 100% | 100% |
| Интелектуални услуги | 3.500.000 | 3.500.000 | 4.000.000 | 114% | 114% |
| Информативни услуги од агенции во земјата и странство | 400.000 | 350.000 | 400.000 | 100% | 114% |
| Авторски договори-авторска агенција | 25.000.000 | 24.000.000 | 25.000.000 | 100% | 104% |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план 2016г | Остварување 2016 г. проценка | финансиски план 2017г | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Договори за изведувачи по основ на Закон за поддршка на домашна музичка продукција | 32.000.000 | 32.000.000 | 32.000.000 | 100% | 100% |
| Трошоци за проект Евровизија | 8.500.000 | 8.480.000 | 8.500.000 | 100% | 100% |
| Трошоци за награди од фестивали и други награди | 5.000.000 | 5.000.000 | 5.000.000 | 100% | 100% |
| Трошоци за судски извршители | 500.000 | 500.000 | 800.000 | 160% | 160% |
| **Вкупно 26** | **90.600.000** | **88.180.000** | **90.200.000** | **100%** | **102%** |
| ***27)Членарини, котизации,такси, ЗАМП, останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 8.800.000 | 8.800.000 | 9.000.000 | 102% | 102% |
| Котизации и акредитации | 500.000 | 450.000 | 500.000 | 100% | 111% |
| Останати трошоци/услуги од работење - (РДТ и други услуги) | 150.000 | 150.000 | 200.000 | 133% | 133% |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 1.000.000 | 1.000.000 | 9.550.000 | 955% | 955% |
| **Вкупно 27** | **10.450.000** | **10.400.000** | **19.250.000** | **184%** | **185%** |
| ***28)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги (архивирање) | 20.000.000 | 1.000.000 | 1.500.000 | 8% | 150% |
| **Вкупно 28** | **20.000.000** | **1.000.000** | **1.500.000** | **8%** | **150%** |
| **Вкупно програмски трошоци** | **128.050.000** | **105.980.000** | **117.450.000** | **92%** | **111%** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ (од точка 1 до точка 28)** | **1.254.700.000** | **1.179.128.500** | **1.180.500.000** | **94%** | **100%** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| **Набавка на опрема и други инвестиции** | 37.000.000 | 35.000.000 | 25.000.000 | **68%** | **71%** |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **37.000.000** | **35.000.000** | **25.000.000** | **68%** | **71%** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **1.291.700.000** | **1.214.128.500** | **1.205.500.000** | **93%** | **99%** |

Скопје, Октомври 2016 година

Директор на ЈРП МРТ

Марјан Цветковски